**Одделението за финансиски прашања**, ги врши работите што се однесуваат на:

– следење на законските прописи и другите општи акти од областа на утврдувањето на изворите на приходи на Општината и се грижи за нивната примена.

– утврдување и вршење на наплата на даноците, таксите и другите надоместоци;

– водење регистри на недвижен и подвижен имот и вршење редовно усогласување на состојбата на регистарот на недвижен имот со регистарот кој го води Државниот завод за геодетски работи и за навремено доставување на податоци од регистрите до Централниот регистар на РМ и Управата за јавни приходи;

– водење грижа за ажурно и ефикасно водење на другите регистри потребни за утврдување и наплата на комуналните и други такси;

– организирање на присилната наплата на даноците, таксите и другите надоместоци;

– изготвување решенија за даночно задолжување на даночните обврзници;

– навремено задолжување на даночните обврзници согласно законските прописи;

– подготвување извештаи, анализи и информации за остварувањето на локалните даноци, такси и надоместоци;

-предлагање акти за промена (зголемување или намалување) на стапките на локалните даноци во законски рамки, организирање, координирање и учествување или непосредно изготвување одлуки и други прописи, програми, информации и други акти;

– други работи што ќе му бидат дадени во надлежност, согласно законите и другите прописи.



# Издавање на Решение за комунална такса

| | |
|---|---|
| **ВИД НА УСЛУГАТА** | **Издавање на Решение за комунална такса** |
| **ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УСЛУГАТА** | 1.Барање до Општина Крива Паланка, Одделение за финансиски прашања – кој граѓанинот/клиент го пополнува<br><br>2.Во зависност од видот на барање се доставуваат потребните документи:<br><br>-Даночна пријава<br><br>-Тековна состојба издадена од Централниот регистар на РСМ<br><br>-Решение за бришење од Централен регистар на РСМ |
| **АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА** | Административна такса за поднесување на барањето<br><br>Износ: 50<br><br>Сметка:100-0000000630-95<br><br>Уплатна сметка:840 138 03182<br><br>Приходна шифра:722315<br><br>Примач: трезорска сметка, Буџет на Општина Крива Паланка<br><br>Банка на примач: НБРМ<br><br>Цел на дознака: Решение за комунална такса |
| **ПРИЕМ НА БАРАЊЕТО** | Барањето се доставува во архива на Општина Крива Паланка |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | 1. Се доставува Барањето до одделението за финансиски прашања<br><br>2. Се изготвува Решение за комунална такса |
| **РОК НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | 10 дена од приемот на барањето |
| **НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ ДО СТРАНКАТА** | -Со лично подигање на документот од седиштето на Општина Крива Паланка<br><br>-По пошта,<br><br>-Доставување во седиштето/адресата на барателот |
| **РОК НА ПРАВНА ПОУКА** | Против Решението на градоначалникот може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението (Согласно член 52 од Законот за данок на имот – Службен весник на РМ 61/04…23/2016) |
| **ЗАКОНСКИ ОСНОВ** | Закон Комунални такси, тарифа од Одлука за утврдување на висината на комунални такси од Општина Крива Паланка,Закон за општа управна постапка, Закон за даноците на имот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Комунална такса за привремен престој | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03205 | 717111 |
| Комунална такса за истакнување на фирми, односно назив на деловна просторија | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03210 | 717112 |
| Комунална такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли што се плаќа при регистрација на возилата | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03273 | 717115 |
| Други комунални такси | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03247 | 717129 |
| Комунална такса за користење и одржување на јавно осветление | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03289 | 717116 |
| Посебни превозни такси | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03268 | 717121 |
| Комунална такса за користење на површини во кампови, подигање на шатори и друга слична привремена употреба | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03226 | 717130 |
| Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03231 | 717131 |
| Комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03252 | 717132 |
| Комунални такси за користење музика во јавните локали | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03294 | 717133 |
| Комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории | НБРМ Трезорска сметка | 840 - 138 - 03301 | 717134 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 100 000 000 063 095 | | |
| Комунална такса за користење на плоштади и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03317 | 717135 |
| Комунална такса за користење на просторот за паркирање на моторни возила | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03322 | 717136 |
| Камата за ненавремено плаќање на комунални такси кои се приход на ЕЛС | НБРМ Трезорска сметка 100 000 000 063 095 | 840 - 138 - 03408 | 717140 |

**Комуналните такси се плаќаат за:**
1) секоја фирма, односно назив на деловна просторија;
2) користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба;
3) користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност;
4) истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;
5) користење на музика во јавните локали;
6) поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради;
7) користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејност;
8) користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел
ќе ги определи општината;
9) користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси,специјални возила и мотоцикли и
10) користење и одржување на јавно осветлување.

Обврска за плаќање на комунална такса настанува во моментот на користење на правото, предметот или услугата за чие користење е пропишано плаќање на такса. Обврзниците на комуналната такса се должни да ја платат таксата во рок од 30 дена од денот на доставувањето на решението.

Доколку во текот на годината настанат промени кои доведуваат до плаќање на такса во поголем износ, обврзиникот е должен во рок од 15 дена да ја пријави настанатата нова обврска или промена на обврската преку достава на пријава.Во овај случај градоначалникот донесува решение за висината на комуналната такса. Обврзниците се должни во рок од 15 дена да ја платат таксата за која им е доставено решението.